ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ — СКОПЈЕ
FACULTÉ DE PHILOSOPHIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

## ANNUAIRE

КНИГА 22 TOME

СКОПЈЕ — SKOPJE
1970

ПЕДАГОГИЈА СКОПЈЕ

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ — СКОПЈЕ
FACULTÉ DE PHILOSOPHIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 1000
7. XII. 1970 год.

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

## ANNUAIRE

КНИГА 22 ТОМЕ

СКОПЈЕ — SKOPJE
1970

Уредува Редакциски одбор
Céré par un Comité de rédaction:

Љубен Лапе
Христо Андонов-Полјански
Александар Спасов
Борис Марков
Оливера Јашар-Настева

Адреса: Филозофски факултет, поштенски фах 55, Скопје
Adresse: Faculté de Philosophie, boite postale 55, Skopje, Yougoslavie,

ГОДИШЕН ЗБОРНИК
на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје
Книга 22 (1970)
Тираж 900 примероци
Печатено во Универзитетската печатница во Скопје
Излезе од печат во месец ноември 1970

*ПОСВЕТЕНО*
*НА АКАДЕМИКОТ*
*ПРОФЕСОР Д-Р ХАРАЛАМПИЕ ПОЛЕНАКОВИЌ*
*ПО ПОВОД НЕГОВАТА ШЕЕСЕТГОДИШНИНА*

ЗА ПЕДАГОГИЈА
СКОПЈЕ

*Роден е на 17 јануари 1909 година во Гостивар, во занаетчиско семејство. Основното училиште го завршил во родниот град, а гимназија и Филозофски факултет 1934 година во Скопје, на групата за Историја на југословенските книжевности. Докторирал во Загреб во 1939 година.*

*Од април 1935 година до јуни 1941 година е асистент на Филозофскиот факултет во Скопје, а од јули 1941 до 1946 година асистент на Филозофскиот факултет во Белград, со едногодишен прекин, кога бил доделен на работа во универзитетската библиотека во Белград. Од ослободувањето на Белград до враќањето во Скопје бил член на Комисијата за реституција од Македонија при Националниот комитет на Народното ослободување на Југославија. Во текот на летото 1946, до средината на декември истата година е член на Одборот за формирање на Филозофскиот факултет во Скопје. Од средината на декември 1946 е вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје, а од јуни 1956 година е редовен професор за предметот македонска книжевност.*

*Бил продекан на Филозофскиот факултет во 1950/51 година, декан во 1953/54 година, шеф на Катедрата за историја на книжевностите на народите на СФРЈ од основањето на факултетот — 1960 година.*

*Ја врши должноста главен уредник на Енциклопедија Југославије за Македонија, уредник на Биографско-библиографскиот лексикон на југословенските писатели на Матица српска за Македонија.*

*Член е на повеќе научни и општествени организации од факултетски, универзитетски, градски, републички и сојузен значај.*

*Еден од основачите на Друштвото за македонски јазик и книжевност и главен уредник на списанието „Литературен збор“. Уредник е на списанието „Трудови“.*

*Учествувал на повеќе конгреси и симпозиуми во земјата и во странство со реферати и дискусии.*

*Со одбрани предавања од македонската книжевност гостувал во нашата земја и во странство: во Загреб Љубљана, Задар, Белград; Берлин, Хале, Лајпциг.*

*Повеќе години ја водел Катедрата за југословенски книжевности на Филозофскиот факултет во Приштина.*

*Архивски и научни испитувања вршел: на Света Гора, во Турција, Грција, Италија, Франција, Австрија. Со научни прилози соработува во научни и книжевни списанија во земјата и во странство*

*Добитник е на наградата „13 ноември“ на град Скопје за 1966 година.*

*Од 1965 година е дописен член на Српската акадмија на науките и уметностите и член на повеќе научни друштва во Југославија. Член на Матичната комисија за организирање на Македонската академија на науките и уметностите и нејзин секретар.*

*Редовен член и потпретседател на Македонската академија на науките и уметностите од 1967 година.*

*Одликуван е со Орден на трудот од III и II ред и Орден на трудот со црвено знаме, како и со Орден за заслуги за народ со златна звезда, со Плакета на градот Скопје и Повелба на Универзитетот во Скопје.*



Х. Поленаковић